Одговор: Во претходната постапка по предметот У3.бр.25/2025, од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија со барање заведено под У3.бр.25/2025 од 23.04.2025 година, побарано е од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување да се произнесе по однос наводите во иницијативата. Во прилог на Барањето е доставен и примерок од иницијативата. Барањето до Агенцијата е испратено по пошта со обична поштенска пратка.

Од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, доставен е одговор, кој е примен во Уставниот суд на Република Северна Македонија на ден 30 мај 2025 година.

Со оглед на тоа дека Барањето за одговор од Судот до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување е испратено по пошта со обична поштенска пратка, Судот не располага со информација на кој датум е примено Барањето за одговор во Агенцијата.